Република Северна Македонија
ОЈУДГ„Димче Мирчев“-Велес
Бр.04-710/1
07.09.2026 година

До
Агенција за администрација
ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15
1000 Скопје

ПРЕДМЕТ: Барање за објавување на ЈАВЕН ОГЛАС бр.02/2026 за вработување на административен службеник во ОЈУДГ ,,Димче Мирчев“ – Велес

Почитувани,

Согласно член 34, став 1 од Законот за административни службеници („Сл. весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18, 143/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24, 210/24), бараме да се објави Јавен оглас за вработување на административни службеници за работни места како што е опишано:

1. **ДЕЗ 01 02 В01 002** Советник сметководител, Административен оддел, Административно помошно-техничка служба, 1 (еден) извршител

Општи услови

- да е државјанин на РСМ,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови

- - ниво на квалификациите VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
- - економски науки,
- - активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- - најмалку 3 (три) години работно искуство во струката,
- - активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европска унија (англиски, француски, германски).

Општи работни компетенции

- - решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг
- - учење и развој
- - комуникација
- - остварување резултати
- - работење со други/тимска работа
- - стратешка свест
- - ориентираност кон странките/засегнати страни и
- - финансиско управување.

Распоред на работно време

- **Работни денови** понеделник-петок
- **Работни часови неделно** 40
- **Работно време** од 08:00 до 16:00 часот.

Паричен нето износ на плата:38.223,00 денари

Податоци за институцијата: Општинска јавна установа Детска градинка ,,Димче Мирчев" - Велес, со ЕМБС 4024346

Согласно член 37, став 2, алинеа 2 од Закон за административни службеници ОЈУДГ „Димче Мирчев" -Велес има еден административен службеник кој ги врши работите кои се однесуваат за управување со човечки ресурси и тоа:

Советник-секретар: РУМЕНА ЈОВАНОВСКИ, Административен оддел, Административно помошно-техничка служба.

контакт телефон: 072/207-055

Ел. пошта: jovanovskirumena@gmail.com

За истиот бараме од Ваша страна да го назначите како член на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас и за кој Ви доставуваме Одлука за определување на офицер (овластено лице) за заштита на личните податоци, со бр.02-149/1 од 02.03.2026 година и Изјава за тајност/доверливост, потпишана од Советникот-секретар со бр.04-160/1 од 02.03.2026 година.

Поради фактот што ОЈУДГ „Димче Мирчев" - Велес има само еден административен службеник кој ги врши работите кои се однесуваат за управување со човечки ресурси, бараме да постапите согласно член 37, став 3 од Законот за административни службеници и за член на комисија од редот на раководител на организациона единица во која се потполнува работното место, за негов заменик, како и за заменик член на административниот службеник кој ги врши работите кои се однесуваат за управување со човечки ресурси, да определните лица од Секторот за селекција на кандидати во Агенцијата.

Рокот за пријавување на јавниот оглас да трае 15 дена од денот на објавувањето.
Ве замолуваме јавниот оглас да го објавите во дневните весници Нова Македонија, Вечер и Коха.

Вработувањето е предвидено согласно Годишниот план за 2026 година со бр. 01-665/1 од 28.07.2025 година, за кој ОЈУДГ „Димче Мирчев" – Велес има добиено СОГЛАСНОСТ од Министерство за социјална политика, демографија и млади на РСМ со бр. 04-5764/3 од 26.08.2025 година , ПОЗИТИВНО мислење од Министерство за јавна администрација на РСМ со бр.09-3563/2 од 09.09.2025 година и СОГЛАСНОСТ од Совет на Општина Велес со бр.25-5330/66 од 14.11.2025 година.

За пополнување на горе наведеното работно место Ви доставуваме Известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со бр.04-36/2 од 15.01.2026 година, како и Корекција на Известувањето за обезбедени финансиски средства со бр.04-36/5 од 24.02.2026 година. Средствата се обезбедени од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади за тековната фискална 2026 година.

Барањето за објавување на овој јавен оглас и работното место кое се бара за објавување е предвидено во Правилникот за систематизација на работните места во ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес бр.02-290/1од 11.06.2019 година, за кој е добиена Писмена Согласност од МИОА со бр.12/6-2032/2 од 25.06.2019 година, Позитивно мислење од Министерство за труд и социјална политика под бр.04-4394/3 од 13.06.2019 година и Писмена Согласност од Совет на Општина Велес, со бр.25-2667/11 од 10.07.2019 година.

Согласно Годишниот план за вработување за 2026 година, во ОЈУДГ„Димче Мирчев"-Велес е реализирано 1 (едно) вработување на административен службеник и тоа: Советник-секретар, како завршување на постапка за вработување започната во 2025 година, а во тек е 1(едно) вработување на административен службеник по ЈАВЕН ОГЛАС бр.01/2026 за вработување на административен службеник во ОЈУДГ ,,Димче Мирчев" – Велес за: Виш референт архивар.

Во Прилог кон ова Барање Ви доставуваме:

- Годишен план за вработување за 2026 година, согласност и позитивно мислење;
- Дел од Правилникот (општи и посебни услови) и Согласности за истиот;
- Известување за обезбедени средства и Корекција на известувањето за обезбедени средства;
- Одлука за определување на офицер (овластено лице) за заштита на личните податоци;
- Изјава за тајност/доверливост.

Раководно лице: Наташа Јанушева,
контакт телефон 078/300-632
Ел. пошта: janusevanatasa@gmail.com

ОЈУДГ „Димче Мирчев“ – Велес

Директор
Наташа Јанушева